

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ЛИЧНОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Раде Силјан е еден од најпознатите македонски писатели, поети и значаен издавач во Република Македонија. Тој е основач на Книгоиздателството „Матица македонска“ од Скопје и е издавач на илјадници публикации. Раде Силјан е автор на многу дела за кои е добитник на високи признанија во Република Македонија и во светот**

Овој познат и признат поет, писател и плоден издавач е роден на 16 април 1950 година, во демирхисарското село Жван. Често се вели дека Жван е село на ергени, познати личности и иселеници. Тоа се наоѓа во регион во кој жителите, главно, се занимаваат со

земјоделство, собирање на шумски плодови, одгледување на тутун и сточарство. Од демирхисарскиот крај потекнуваат бројни писатели, уметници и научници. Не може никој да ја одгатне тајната, зошто толку писатели се родиле покрај Црна Река, во заветрината на Илинска Планина. Исто така, може да се каже дека во демирхисарските триесет и девет села, се зборува на најчист македонски јазик.

И родителите на Раде Силјан целиот свој живот се занимавале со земјоделство и со одгледување  тутун, а на своите четири деца им препорачувале да бидат добри и послушни ученици, за да не се занимаваат и тие во животот со оваа тешка физичка работа. Така, според зборовите на Раде, неговите родители му веделе:

*„Ако завршиш школо, нема да бидеш физички работник. И во целата сиромаштија позајмуваа пари за да ги купиме основните учебници, а лектирните изданија ги позајмувавме од скромната училишна библиотека. Плаќањето, односно раздолжувањето за нашето школување беше со  парите што ќе ги земеа по предавањето на тутунот “.*

Раде Силјан завршил основно образование во училиштето „Браќа Миладиновци“ во Жван, кога во тоа време во прво одделение во училиштето имало 24 ученици. За жал, тој број се намалил и едно време во училиштето  имало само еден ученик во прво одделение, во селото од 1.000 жители останале уште  300 жители, главно, постари и стотина помлади, од кои, повеќето, со години се пријавуваат во Заводот за вработување...







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**